**ЗАПИСНИК**

***од Првата седница на Националниот совет за евроинтеграции одржана на 07 септември 2011 година, сала на Уставна Комисија, Собрание на Република Македонија***

Седницата на Националниот совет за евроинтеграции започна во 10.06 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше г-ѓа Радмила Шекеринска, претседател на Националниот совет за евроинтеграции.

На седницата на Советот присуствуваа г. Роберт Лидел, в.д. шеф на Делегацијата на Европската унија во Република Македонија, г-ѓа Марина Курте, советник за европски интеграции и правни прашања во Делегацијата на ЕУ во Република Македонија и г-ѓа Марта Прзениосло, заменик-шеф на мисијата, Амбасада на Република Полска во Република Македонија.

На седницата присуствуваа: г-ѓа Силвана Бонева потпретседател на Советот, г. Хајрула Мисини, г. Антонијо Милошоски, г. Кенан Хасипи, г. Илија Димовски, г. Александар Спасеновски, г. Талат Џафери и г. Тито Петковски пратеници и членови на Националниот совет за евроинтеграции, г. Зиадин Села и г-ѓа Ана Павловска-Данева пратеници и заменици-членови на Советот, г-ѓа Теута Арифи заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжена за европски прашања, г. Димитар Мирчев претставник од Кабинетот на претседателот на Република Македонија и г. Љупчо Коцарев претставник од Македонската академија на науките и уметностите, претставниците на Советот: г. Антони Пешев претседавач на Собранието на Стопанската комора на Македонија, г. Златко Калеников од Сојузот на стопански комори, г. Живко Митревски претседател на Сојузот на синдикати на Македонија, г. Дојчин Цветаноски од Конфедерација на слободни синдикати на Македонија, г. Александар Кржаловски од Граѓанската платформа на Македонија, Негово Преосвештенство епископ Хераклејски г. Климент од Македонска православна црква, г. Скендер Бузаку од Исламската верска заедница, г. Томе Колев од Католичката црква и г-ѓа Мимоза Шумковска Велјановска од Еврејската заедница. На седницата присуствуваа претставници од Службата на Собранието на Република Македонија, претставници од Министерството за надворешни работи и медиумите.

На седницата на Советот единствена точка на Дневен ред беше обраќање на г-ѓа Теута Арифи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжена за европски прашања.

Во своето излагање, д-р Теута Арифи пред Националниот совет за евроинтеграции ги претстави предизвиците во однос на работата поврзана со евроинтеграциите на државата. Првиот аспект е внатрешната политика и обврските кои треба да се исполнат во

однос на концептите кои се бараат од ЕУ, и надворешно-политичкиот аспект во однос на регионалната активност на државата. Последните организирани парламентарни избори во Република Македонија се позитивна слика за државата и г-ѓа Арифи очекува дека ќе дадат добар заклучок во однос на градењето на демократијата и внатрешните процеси во државата. Госпоѓа Арифи информираше дека е подготвен Акциски план за активностите кои треба да се преземат до крајот на годината како одговор на доставената листа со препораки од Европската комисија. Во планот се адресирани сите прашања, клучни и покриени теми се: реформите во јавната администрација и судството, мерките за антикорупција, дел кој се однесува на медиумите и слободата на изразување, како и за правичната застапеност, комбинирана со квалитет на младите службеници во администрацијата. Беше изразена подготвеност за реализацијата на Акцискиот план да се дебатира на една од наредните седници на Националниот совет за евроинтеграции. Имајќи го предвид фактот дека прашањето за евроатланските интеграции на Република Македонија и добивањето на датум за започнување на преговорите со ЕУ е поврзано и со спорот со Република Грција околу употребата на уставното име на нашата држава, потребно е да се покаже добра волја за соочување со овој проблем, но исто така да се бара и очекува да се покаже добра волја и од другата страна. Решението на проблемите на земјите од Балканот се наоѓа во една многу конкретна иднина, а таа е евроатланските интеграции и европеизација на народите. Од регионален интерес е воспоставување на редовен дијалог меѓу авторитетите на сите земји од Западен Балкан заедно со Европската унија.

Во дискусијата учествуваа: г-ѓа Радмила Шекеринска, претседател на Националниот совет за евроинтеграции, г-ѓа Силвана Бонева, потпретседател на Советот, г. Антонијо Милошовски, г. Кенан Хасипи, г. Хајрула Мисини, пратеници и членови на Советот, г. Зиадин Села и г-ѓа Ана Павловска-Данева пратеници и заменици-членови на Советот, претставниците на Советот г. Живко Митревски од Сојузот на синдикати на Македонија г. Скендер Бузаку од Исламската верска заедница и г. Александар Кржаловски од Граѓанската платформа на Македонија.

Седницата на Советот заврши во 11.34 часот.

Составен дел на овој записник се стенографските белешки од Првата седница и списокот на присутни членови и претставници на Советот.

Број 30-3578/5
31.10. 2011

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**
**Радмила Шекеринска**

**РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР ЗА ПОДДРШКА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**
**Даниела Велковска**